ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 7790/8
Датум: 25.11.2021
Скопје

Врз основа на член 6 од Правилникот за безбедност и обработка на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на уредите за електронски записи

### Член 1
Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на уредите за електронски записи и на електронската евиденција што се користи за обработување на личните податоци од страна на Општина Карпош (вонатамошниот текст: општината).

### Член 2
Документите кои што содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување се уништуваат од комисија определена од страна на Градоначалникот.
Документите од став 1 на овој член се уништуваат со уред за ситнење (шредер) за што комисијата составува записник кој што го доставува до Градоначалникот. Во записникот задолжително се наведуваат категориите на лични податоци кои што ги содржат документите што се уништуваат.

### Член 3
(1)По пренесувањето на личните податоци од уредите за електронски записи или по истекот на определениот рок за чување на електронската евиденција, истите се уништуваат, бришат или пак се чистат од снимените лични податоци. Уништувањето на уредите за електронски записи се врши со механичко разделување на составните делови на уредот на кој е снимена, при што истите повторно да не може да бидат употребливи.
(2)Бришењето или чистењето на електронската евиденција се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.
(3)За случаите од ставовите 1 и 2 на овој член комисиски се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на електронската

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

евиденција, како и за категориите на лични податоци кои се снимени на уредите за електронски записи.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk